**ДП бр. 1/25**

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Сурољи и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот В.М.К од Т. по одржаната расправа во согласност со членот 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во отсуство на нотарот, уредно канета, на ден 25.2.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот В.М.К од Т **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 9.5.2024 година, под ОДУ бр. 350/24, составила нотарска исправа за потврдување (солемнизација) на приватна исправа – Договор за дар на недвижен имот склучен на ден 7.2.2024 година, кој детално е опишан во член 1) од Договорот во кој, како еден од дарувачите на недвижниот имот, се јавува малолетното лице XX од Т., преку полн. НН, адвокат од Тетово, ополномоштен со полномошно издадено од страна на законскиот застапник-мајката XX од Р. К., заверено под УЗП бр. 439/2024 од 31.1.2024 година, без претходно да располага со одобрение издадено од Центарот за социјална работа – Т., за склучување на правното дело, на кој начин постапила спротивно на член 221 став (2) од Законот за семејството, поради што се казнува со **писмена опомена.**

**Претседател на Советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;